РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-382/5
17-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива , Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 09-2773/1 од 28.10.2024 година против службеното лице ---, директор на Институтот за ------ - Скопје, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите кои се однесуваат на состојбата на судир на интереси се потврдуваат, констатирана е повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот не може да се поведе прекршочна постапка. Исто така, настаната е промена на фактичката состојба по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
**Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.**

## Образложение

Предметот со број 09-2773/1 од 28.10.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК на колегиум одржан на ден 28.10.2024 година, произнесено од новинарско прашање од ОРА24 ТВ, со наводи за неправилности во работењето на Институтот за ------ - Скопје од страна на директорот, --------, како и наводи за постоење на состојба на судир на интереси кај истото службено лице кое вработило четири негови блиски роднини: ----- (брат на директорот – вработен во архива), ------- (син од братот-вработен како чувар), ------ (сопруг на сестрата на директорот – вработен како хаус мајстор), -------- (сопруг на внука на директорот –вработен во ИТ сектор). Исто така, во новинарското прашање е наведено дека лицето ----- основал невладина организација, која ја промовирал и добивал средства од државни институции и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

печател книги во кои стои и логото на Институтот и притоа се давала финансиска поддршка за истите.

Државната комисија за целосно да ја утврди фактичката состојба по конкретниот предмет прибави документација од Институтот за --------- – Скопје, како и изјава заверена на нотар од страна на директорот на Институтот за тоа во какво сродство е со наведените лица, односно дали истите се негови блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што го утврди следното:

Во Институтот за --------- – Скопје вработени се лицата --------не е во работен однос во Институтот за ------- – Скопје.
Лицето -------- е вработено како благајник со Договор за вработување од 06.04.2022 година со бр.04-268/2. Лицето ------- е вработено на работно место чувар со Договор за вработување бр.04-123/1 од 05.03.2021 година. Лицето -------- е вработен на 30.12.2019 година на работно место хаус мајстор со Договор за вработување бр. 04-886/1 од 26.12.2019 година.
Од страна на лицето --------- директор на Институтот за -------- – Скопје доставена е изјава заверена на нотар во врска со тоа дека лицето ----- е негов роднина по крв од прва линија (брат), ------ е негов роднина по странична линија (внук од брат), лицето ------- е роднина по странична линија (зет за сестра), што не претставува блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

При проверка во Централниот регистар на РСМ за лицето ------, Државната комисија утврди дека истото лице е сопственик и овластено лице на Здружението за развој на општеството и животна средина ------ Скопје, по што во однос на истото здружение лицето -------- во својство на директор на Институот ја извести Државната комисија дека нема воспоставено деловна соработка со истото, но е потпишан Меморандум за соработка, како што биле потпишани меморандуми за соработка со бројни институции.

Државната комисија повторно достави допис до Институтот -------Скопје со цел да го прибави наведениот Меморандум за соработка, по што беше известена дека лицето -- не ја извршува повеќе функцијата директор на Институтот за ----- – Скопје, односно именувано е лицето ------. Исто така, во писмениот допис од страна на Институот известуваат дека по приемот на барањето бил извршен преглед на деловодникот од страна на вработен во архивата и писмено е посочено дека Меморандум за соработка помеѓу Институтот за ------Скопје и Здружението за развој на општеството и животна средина --------е заведен со бр. 03-125/2 од 2017 година, меѓутоа по прегледување на регистраторот со документи од наведената 2017 година истиот не е пронајден во архивата на Институтот.

Дополнително, на барање на ДКСК, од страна на Државниот инспекторат за труд добиен е Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 Број:30-2304 од 22.12.2025 година во Институтот за --------- Скопје, според кој е констатирано следното:
-Во врска со вработувањето на лицето -----, претставката содржи наводи кои се во надлежност и работа на Државниот управен инспекторат, каде е проследена пријавата за понатамошно постапување. Од страна на Државниот управен инспекторат до ДКСК доставен е Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр.Ип1.бр.20-60 од 29.01.2026 година, а во врска со вработувањето на именуваното лице, при што е констатирано дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот, при што инспекциската постапка е запрена.
-Во врска со вработувањето на лицата ---------- - не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Според констатираната фактичка состојба која произлегува од прибавената документација, лицето -----, како службено лице при вршење на функцијата директор на Институтот за ----------- - Скопје, се нашол во состојба на судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно именуваниот иако знаел дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, не се иземал и не запрел со своето постапување, туку потпишал Договор за вработување на блиски лица.

Службеното лице ---- сторил прекршок на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, но имајќи предвид дека од денот на сторување на прекршокот се изминати повеќе од две години, а прекршочна постапка против сторителот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење; поради што прекршочна постапка не може да се поведе, ниту да се води.
Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023) прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Врз основа на погоренаведеното и променетата фактичка состојба, лицето ------ не ја извршува повеќе функцијата директор на Институтот за --------- – Скопје и од тие причини

Државната комисија нема можност да покрене иницијатива пред надлежен орган за поведување постапка за утврдување на одговорност на истото лице согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно Државната комисија нема елементи за натамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК